Република Македонија

Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување

Република Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО
ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ
Бр. 01-232/4
23.02 2017 год.
СКОПЈЕ

ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ ВО 2016 ГОДИНА

01.07.2016 - 31.12.2016

Скопје,февруари 2017 година

Врз основа на член 7 став (1) точка к) од Статутот на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (бр.01-385/3 од 18.03.2013 година, бр. 02-13/5 од 22.01.2014 година, 02-1316/4 од 11.11.2014 година и 02-83/3 од 30.01.2015 година), Одделението за финансиски и сметководствени работи, во рамките на Секторот за финансиско административни работи, до Советот на експерти на Агенцијата на разгледување го поднесува следниот

ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
за реализација на финансискиот план на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во 2016 година

Согласно член 56 став (3) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување се финансира од надоместоци кои Агенцијата ги наплаќа од друштвата за управување со пензиски фондови. Во ставот (4) од истиот член на Законот е пропишано дека висината на надоместоците од ставот (3) на овој член ја утврдува Советот на експерти на Агенцијата, на која согласност дава Собранието на Република Македонија и истите се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија".

Основен извор на приходи претставува месечниот надоместок кој Агенцијата го наплаќа од друштвата како процент од вкупните придонеси уплатени во претходниот месец во пензиските фондови со кои управуваат друштвата. Законскиот максимум за овој надоместок изнесува 0,8%, но Агенцијата, секоја година го преиспитува овој надоместок со цел рационализирање на трошоците на системот во целина. За изготвување на пресметката за овој надоместок за 2016 година, како основа е земена реалната состојба на членови во вториот столб и приливот на придонеси во 2015 година. Врз основа на оваа пресметка и утврдениот финансиски план на Агенцијата за 2016 година, надоместокот се утврди во неговата максимална висина од 0,8%. Надоместокот е утврден со *Одлуката за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2016 година*, бр. 02-1328/3 од 09.11.2015 година ("Службен весник на РМ" бр.

27/2016). Останатите надоместоци кои ги наплаќа Агенцијата се наменети за покривање на тековни трошоци околу испити на агентите и водењето на регистерот на агенти, пристап кон информациониот систем на Агенцијата, спроведување на постапка за давање согласност на договорот склучен меѓу пензиско друштво и правно лице кое врши услуги со хартии од вредност, потоа за промена на сопственичка структура или статутарни измени кои се очекува ретко да се случуваат кај друштвата. Надоместоците се утврдени со *Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што ги наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од друштво за управување со пензиски фондови*, бр. 02-1255/3 од 29.10.2012 година ("Службен весник на РМ" број 36/2013), бр.02-1566/7 од 11.12.2013 година ("Службен весник на РМ" број 51/2014) и Исправка на Одлуката бр.02-468/1 од 19.03.2014 година ("Службен весник на РМ" број 54/2014).

Табела 1. Збирен приказ на приходи во втората половина во 2016 година

во денари

Опис	01.07.2016-31.12.2016 година
1. Месечен надомест од придонеси (0,8%)	28.830.291
2. Административни надоместоци	1.770.014
3. Приходи од камати	453.677
Вкупно приходи	31.053.982
Вкупно планирани приходи за 2016 година	44.136.000
Процент на реализација на приходи	70%

Расходите во вторите шест месеци во 2016 година се реализираа на следниов начин:

Табела 2. Реализација на расходи во втората половина во 2016 година

во денари

Опис	01.01.2016 година	01.07.2016-година 31.12.2016 година	
	Планирани средства за 2016 година	реализирано	% на реализација
Потрошени материјали	750.000	340.764	45%
Потрошена енергија	1.450.000	490.046	34%
Инвестиционо одржување на средства	90.000	0	0%
Други услуги	6.125.000	2.914.379	48%
Превозни – транспортни услуги	120.000	56.286	47%
Издатоци за реклама и репрезентација	920.000	224.105	24%
Наемнини	280.000	145.141	52%
Други материјални расходи	590.000	195.094	33%
Провизија за платен промет	30.000	10.770	36%
Премии за осигурување	190.000	20.324	11%
Патни и дневни расходи	1.250.000	98.101	8%
Членарини	381.000	0	0%
Интелектуални и други услуги	2.307.010	702.567	30%
Останати други расходи	410.000	210.684	51%
Средства за градежни објекти	120.000	22.231	19%
Средства за опрема	200.000	126.581	63%
Други капитални средства	2.825.010	2.347.690	83%
Вкалкулирани плати	23.312.900	14.107.343	61%
Надоместоци и останати помошти согласно закон и колективен договор	2.000.000	90.630	5%
Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот	100.000	62.266	62%
ВКУПНО	43.450.920	22.165.002	51%

1) Потрошени материјали: 340.764 денари. Потрошени материјали се издатоци за набавка на: гориво, канцелариски материјали, тонери, ситен инвентар и останат ситен инвентар.

2) Потрошена енергија: 490.046 денари. Расходите за потрошена енергија (комуналии) се однесуваат за направени издатоци за: електрична енергија, комуналеӈ отпад и парно греење.

3) Инвестиционо одржување на средства: 0 денари. Расходите за Инвестиционо одржување на средствата се планирани за набавка на резервна боца и ревизија на системот за пожар, набавката не е реализирана поради добиена повисока понуда од планираните средства.

4) Други услуги: 2.914.379 денари. Во оваа категорија на трошоци влегуваат: одржување на софтвер за втор и трет столб на пензискиот систем, одржување на софтвер за архива, одржување на софтвер за сметководство, одржување на ИБМ хардверска опрема, услуги за секундарна локација, поштенски пратки, хигиенско одржување на просториите на Агенцијата, телекомуникациски услуги (фиксна и мобилна телефонија), услуги за печатење, копирање и ковертирање на писма, надомест за паркинг простор, одржување и сервисирање на возила, одржување на техничка опрема, поправки и одржување на деловен објект и организирање настани за потребите на Агенцијата.

5) Превозни – транспортни услуги: 56.286 денари. Расходите за Превозни – транспортни услуги се однесуваат за услуги за такси превоз за потребите на Агенцијата.

6) Издатоци за реклама и репрезентација: 224.105 денари. Во оваа категорија спаѓаат трошоците за печатење на рекламен материјал и репрезентација (бифе на МАПАС) и службени ручеци.

7) Наемнини (закупнини): 145.141 денари. Трошоците за наемнини вклучуваат трошоци за изнајмување на канцелариска опрема (принтер-фотокопир) и изнајмување на интернет линија.

8) Други материјални расходи: 195.094 денари. Во оваа ставка спаѓаат трошоците за списанија и стручна литература, патарини, трошоци за набавка на средства за хигиена, обезбедување на простор и

други материјални расходи (надоместок за размена на берзански податоци и благајна – материјални трошоци).

9) Провизија за платен промет: 10.770 денари. Во оваа ставка се вклучени трошоците за платен промет за дневни налози за плаќање и провизија за купопродажба на девизи за плаќање во странство.

10) Премии за осигурување: 20.324 денари. Во оваа ставка се вклучени трошоците за патничко осигурување за службени патувања на вработените во странство и осигурување на деловен објект.

11) Патни и дневни расходи: 98.101 денари. Трошоците за службени патувања во земјата и странство опфаќаат: трошоци за сместување, за исхрана и за превоз. Пресметката и исплатата на овие трошоци беше реализирана според Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на управата и управните организации им се признаваат во материјални трошоци. Во оваа ставка, исто така, се вклучени и исплатите за користење на сопствено возило за службени цели.

12) Членарини: 0 денари. Трошоците за Членарини вклучуваат годишната членарина во ИОПС- Меѓународна организација на пензиски супервизори и годишната членарина за Организација на работодавачи на Македонија. Трошоците од оваа категорија беа реализирани во првото полугодие на 2016 година.

13) Интелектуални и други услуги: 702.567 денари. Во оваа ставка се реализирани трошоците поврзани со: надоместок за надворешните членови на Советот на експерти на Агенцијата, услуги за проценител, преведувачки услуги, обуки за стручно усовршување, семинари и конференции, трошоци за одржување на обуки за едукација на агенти, трошоци за безбедност и здравје при работа, трошоци за сертификација ИСМС-ИСО 27001 и трошоци за ресертификација ИСО 9001.

14) Останати други расходи: 210.684 денари. Во оваа ставка спаѓаат трошоците за објава на огласи и мислења за јавни набавки, платени аконтации за непризнаени расходи и останати јавни давачки кои се однесуваат на јавни/државни институции.

15) Средства за градежни објекти: 22.231 денари. Под оваа категорија се предвидени трошоци за реализација на архитектонски решенија за реконструкција-кречење на деловниот простор на Агенцијата и реконструкција на деловниот објект. Во втората половина на 2016 година се реализираа дел од средствата од планираниот износ за градежни работи, односно за поправка на кровот на Агенцијата.

16) Средства за опрема: 126.581 денари. Под оваа категорија се евидентирани трошоците за набавка на компјутерска опрема.

17) Други капитални средства: 2.347.690 денари. Под оваа категорија евидентирани се трошоци за набавка на компјутерски деловен софтвер за втор и трет пензиски столб како и трошоци за софтвер за испит за агенти, виндоус лиценци, антивирусна заштита и трошоци за веб ССЛ сертификат.

18) Вкалкулирани плати и надоместоци: 14.107.343 денари. Под оваа категорија се евидентирани трошоците за плати и придонеси од плати за вработените во Агенцијата.

19) Надоместоци и останати помошти согласно закон и колективен договор: 90.630 денари. Под оваа категорија се евидентирани трошоците за исплата на надоместоци за вработените во Агенцијата.

20) Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот: 62.266 денари. Во оваа ставка влегуваат исплатите за персонален данок врз основа на користење на приватно возило за службени цели и персонален данок за надворешните членови на Советот на експерти.

Табела 3. Реализација на расходи кои ќе се покријат од резервен фонд во втората половина во 2016 година

во денари

Опис	01.01.2016 година	01.07.2016 година 31.12.2016 година	
	Планирани средства од резервен фонд за 2016 година	реализирано	% на реализација
Набавка на серверска опрема	4.500.000	4.272.585	95%

1) Расходи кои ќе се покријат од резервен фонд: 4.272.585 денари. За набавка на нови сервери во втората половина на 2016 година се искористени средства од резервниот фонд на Агенцијата, во износ од 4.272.585 денари.

Подготвил: Пранвера Сума
Одобрил: Ферди Касами

АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

Табела 1

Р.бр.	ОПИС	ПЛАН 2016	РЕАЛИЗАЦИЈА	%
А	**ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ**	**44.136.000**	**51.529.034**	**116,75**
1	Месечен надомест од придонеси	41.065.000	48.184.763	117
2	Административни надоместоци	2.600.000	2.884.624	111
3	Приходи од камати	471.000	459.647	98
Б	**ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ**	**43.450.920**	**37.691.522**	**86,75**
1	**ПОТРОШЕНИ МАТЕРИЈАЛИ**	**750.000**	**578.016**	**77**
1.1.	Гориво	500.000	363.064	73
1.2.	Канцелариски материјали	120.000	115.750	96
1.3.	Тонери	30.000	0	0
1.4.	Ситен инвентар	100.000	99.202	99
2	**ПОТРОШЕНА ЕНЕРГИЈА КОМУНАЛНИ УСЛУГИ**	**1.450.000**	**1.340.324**	**92**
2.1.	Електрична енергија	650.000	610.578	94
2.2.	Вода, други комунални трошоци и парно греење	800.000	729.746	91
3	**ИНВЕСТИЦИОНО ОДРЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА**	**90.000**	**0**	**0**
3.1.	Одржување на систем за заштита од пожар	0	0	0
3.2.	Набавка на резервна боца и ревизија на системот за пожар	90.000	0	0
4	**ДРУГИ УСЛУГИ**	**6.125.000**	**5.252.651**	**86**
4.1.	Одржување на софтвер за втор и трет столб на пензис систем	1.300.000	1.061.222	82
4.2.	Одржување на софтвер за архива	150.000	136.871	91
4.3.	Одржување на софтвер за сметководство	150.000	89.208	59
4.4.	Одржување на ИБМ хардверска опрема	1.200.000	1.055.545	88
4.5.	Услуги за секундарна локација	1.200.000	1.204.014	100
4.6.	Поштенски пратки	350.000	352.800	101
4.7.	Хигиенско одржување на простории	290.000	290.274	100
4.8.	Телефонски комуникациски услуги	550.000	402.262	73
4.9.	Услуги за печатење,копирање и ковертирање на писма	250.000	194.552	78
4.10.	Надомест за паркинг простор	30.000	28.800	96
4.11.	Кабловска телевизија	10.000	12.522	125
4.12.	Одржување и сервисирање на возила	350.000	223.909	64
4.13.	Одржување на техничка опрема	20.000	9.004	45
4.14.	Поправки на деловен објект	60.000	17.987	30
4.15.	Програмирање на веб страната на Агенцијата	35.000	33.040	94
4.16.	Организирање настани за потребите на Агенцијата	180.000	140.641	78
5	**ПРЕВОЗНИ -ТРАНСПОРТНИ УСЛУГИ**	**120.000**	**80.270**	**67**
5.1.	Превозни-транспортни услуги	120.000	80.270	67
6	**ИЗДАТОЦИ ЗА РЕКЛАМА И РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА**	**920.000**	**353.760**	**38**
6.1.	Репрезентација	500.000	286.727	57
6.2.	Реклама	420.000	67.033	16
7	**НАЕМНИНИ (ЗАКУПНИНИ)**	**280.000**	**210.038**	**75,01**
7.1.	Изнајмување на сали и амфитеатри	30.000	0	**0**
7.2.	Закуп на интернет линија	150.000	147.223	**98**
7.3.	Изнајмување на друга опрема	100.000	62.815	**63**
8	**ДРУГИ МАТЕРИЈАЛНИ УСЛУГИ**	**590.000**	**406.169**	**68,84**
8.1.	Набавка на списанија,стручна литература,весници и слично	100.000	84.590	85

8.2.	Плаќање надоместок за размена беразански податоци и благајна-материјални трошоци	300.000	244.180	81
8.3.	Трошоци за набавка на средства за хигиена	35.000	29.700	85
8.4.	Техничко и патролно обезбедување на просториите на Агенц	35.000	33.072	94
8.5.	Трошоци за регистр и технички преглед на моторни возила	10.000	10.027	100
8.6.	Други услуги- услуги за дератизација и дезинфекција	10.000	4.600	46
8.7.	Авто гуми	100.000	0	0
9	**ПРОВИЗИЈА ЗА ПЛАТЕН ПРОМЕТ**	**30.000**	**30.049**	**100,16**
9.1.	Провизија за платен промет и банк провиз за откуп на девизи	30.000	30.049	100
10	**ПРЕМИИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ**	**190.000**	**84.949**	**44,71**
10.1.	Осигурување на вработените и патничко осигурување за службени патувања во странство	70.000	1.584	2
10.2.	Осигурување на деловен објект од незгоди	30.000	19.927	66
10.3.	Осигурување на службени возила	90.000	63.438	70
11	**ПАТНИ И ДНЕВНИ РАСХОДИ**	**1.250.000**	**549.963**	**44**
11.1.	Службен пат во земјата	250.000	215.646	86
11.2.	Службен пат во странство	1.000.000	334.317	33
12	**ЧЛЕНАРИНИ**	**381.000**	**379.350**	**100**
12.1.	Годишна членарина за ИОПС	341.000	339.350	100
12.2.	Годишна членарина за ОРМ	40.000	40.000	100
13	**ИНТЕЛЕКТУАЛНИ И ДРУГИ УСЛУГИ**	**2.307.010**	**1.241.904**	**54**
13.1.	Надомест за надворешни членови на Советот на експерти	800.000	664.072	83
13.2.	Други услуги-проценител, нотар	10.000	9.440	94
13.3.	Преведувачки услуги	200.000	77.450	39
13.4.	Лекторирање на текст	30.000	2.524	8
13.5.	Надворешна ревизија	150.000	113.280	76
13.6.	Консултантски услуги	50.000	20.556	41
13.7.	Обуки за стручно усовршување	400.000	77.444	19
13.8.	Семинари и конференции	200.000	24.479	12
13.9.	Трошоци за одржување на обуки за едукација на агенти	150.000	29.449	20
13.10.	Истражување на јавното мислење	0	0	0
13.11.	Трошоци за безбедност и здравје при работа	180.000	74.573	41
13.12.	Здравствен преглед на вработените	100.000	74.250	74
13.13.	Сертификација ИСМС-ИСО 27001	37.500	37.382	100
13.14.	Ресертификација ИСО 9001	37.010	37.005	100
14	**ОСТАНАТИ ДРУГИ РАСХОДИ**	**410.000**	**214.146**	**52**
14.1.	Објава на огласи	50.000	46.664	93
14.2.	Надомест за стручно мислењеод Советот за јавни набавки	250.000	152.300	61
14.3.	Платени аконтации за данок на непризнаени расходи	100.000		0
14.4.	Останати јавни давачки	10.000	15.182	152
15	**СРЕДСТВА ЗА ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ**	**120.000**	**22.231**	**19**
15.1.	Архитектонски решенија	20.000	0	0
15.2.	Реконструкција-кречење	100.000	22.231	22
16	**СРЕДСТВА ЗА ОПРЕМА**	**200.000**	**134.181**	**67**
16.1.	Компјутерска опрема	200.000	134.181	67
16.2.	Набавка и монтажа на генератор за електрична енергија	0	0	0
16.3.	Централа за дојава на пожа, поплава и прекин на елек енерг	0	0	0
16.4.	Метална конструкција за систем сала и огноотпорен шкаф	0	0	0
17	**ДРУГИ КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА**	**2.825.010**	**2.670.205**	**95**

17.1.	Канцелариски мебел	30.000	0	0
17.2.	Windows лиценци	190.000	102.480	54
17.3.	Антивирусна заштита	360.000	351.640	98
17.4.	Веб ССЛ Сертификат	55.010	26.350	48
17.5.	софтвер за организирање на испити за агенти	190.000	25.236	13
17.6.	Компјутерски софтвер - нов софтвер	2.000.000	2.164.499	108
18	**ВКАЛКУЛИРАНИ ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ**	**25.312.900**	**24.025.305**	**95**
18.1.	Вкалкулирани плати	23.312.900	22.940.657	98
18.2.	Надоместоци и останати помошти согласно со закон и колективен договор	2.000.000	1.084.648	54
19	**ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСКИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТ**	**100.000**	**118.011**	**118**
19.1.	Персонален данок за надоместоците за надворешните членови на Советот на експерти	100.000	118.011	118
20	**ВКУПНИ ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ**	**43.450.920**	**37.691.522**	**86,75**

РАСХОДИ КОИ ЌЕ СЕ ПОКРИЈАТ ОД РЕЗЕРВЕН ФОНД			
Набавка на серверска опрема	**4.500.000**	4.272.585	**94,9**